Смрт на фашизмот — Слобода на народот!

Поштарината е платена во готово

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 20 | 25 јуни 1946 год. | Год. II

Службен весник на Народна Република Македонија излегува повремено. Ракописите се праќаат на адреса: Одделение за печат — отсек службен весник на Н. Р. М. — Скопје. Ракописите не се враќаат.

Цена 5 динари од табак. Претплата за 6 месеци 135 динари за една година 250 динари. Огласите се примаат по тарифата објавена во Службен весник на Н. Р. М. бр. 7/46. Чековна сметка бр. 83109

198

На основа т. т. 1, 2, 4 и 8 од Решението на Антифашиското собрание на народното ослободување на Македонија за конституисањето на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително претставително тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија, во врска со чл. 3 од Законот за изменение и дополнение на горното Решение и по предлог на Владата на Народната Република Македонија — Президиумот на Народното Собрание на Народната Република Македонија го донесуе следниот

ЗАКОН

за изменување и дополнување на Законот за располагање со квартира

Чл 1. Алинеа 3 на чл. 1 од Законот за располагање со квартири се изменуе и гласи:

Квартирните власти на територијата на град Скопје се:

Првостепена квартирна власт е Градскиот народен — Одделот на внатрешните работи а, како второстепена власт е извршниот одбор на Градскиот народен одбор.

Решението на второстепената власт е извршно.

Чл. 2. Чл. 10 се изменуе и гласи:

За сместување на државните, публичноправните и кооперативните установи, учрежденија и претпријатија може да се врши испразнуење како на отделни работни простории и локали, така исто на цели згради, водејќи при това сметка за општествената, социјалната привредна важност на претпријатијата кои треба да бидат уселени, и това при следните услови:

а) Ако установата, учреждението и претпријатието не може да се смести во други празни простории или во простории лобиени со стеснуење.

б) Ако се предходно констатира од страна на квартирната власт која го донесуе решението за иселуење, со писмено образложен протокол, дека установата, учреждението или претпријатието не можело во друга погодна зграда (простории) да се смести, дека се направени нужните проверки и дека апсолутно е нужно да се врши преселуење на фамилиите или на приватните претпријатија, локали, работилници за сместување на установата, учреждението или претпријатието.

Чл. 3. Чл. 15. целиот се изменуе и гласи:

Во случај на принудно иселуење по овој закон квартирната власт е должна да му даде на иселениот квартирант друга квартира и то со истото решение, со кое се наложуе иселуењето.

Разноските на принудното иселуење по чл. чл. 8 и 10 од Законот за располагање со квартири кје бидат на терет на лицето, односно установата, учреждението и претпријатието во чија корист се врши иселуењето, или, во особени случаеви, на терет на лицето кое се иселуе.

Квартирната власт е должна да со решението наведено во чл. 1 од овој член одлучен кој од лицата наведено во чл. 2 ке ги сноси трошковите за иселуење.

Во решението квартирната власт исто така кје одреди висината до коа кје се признаат трошковите со тоа, да се иселеното лице отчете пред квартирната власт во случаевите кога трошковите паѓаат на другата страна.

Чл. 4 Овоа изменение и дополнение на Законот ста пуе на снага од денот на обнародуењето му во „Службен весник" на Народната Република Македонија.

Број 453 — Скопје, 15 јуни 1946 година.

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секретар, Наум Наумовски с. р.

Претседател, Б. Фотев с. р.

199

На основа т. т. 1, 2, 4 и 8 од Решението на Антифашиското собрание на народното ослободување на Македонија за конституисањето на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително преставително тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија, во врска со чл. 3 од Законот за изменение и дополнение на горното Решение и по предлог на Владата на Народна Република Македонија — Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија, со цел да се овозможи и улесни на службениците нивното стручно оспособуење и издигнуење, го донесува следниот

ЗАКОН

за создавање на задолжителни курсеви за сите службеници

Чл. 1.

Со создаваат курсеви, со задолжителни испити, за изучуење на основите уставни принципи и одредби, на организационото законодавство и законите по поделни гранки од држ. управление, задолжителни за сите службеници на министерствата, народните одбори и нивните установи и претпријатија.

Курсовите ке бидат општи стручно административни и специјални за раководители и самостални административни службеници.

Чл. 2.

Со одлука на Председателот на Владата, по исклучение, поедини раководители или оние кои се занимаат со изработуење на законопроекти, уредби и др. можат да бидат ослободени од полагање на

испити или од посетуење на курсевите но во последниот случај, со задолжително полагање на предвидените испити.

Чл 3.

Организацијата на курсевите, начинот на нивното спроведување, програмата за испитите, испитните комисији и др ке бидат определени со правилник издаден од Председателот на владата.

Чл. 4.

Овој Закон влегуе во сила од денот на неговото објавуење во „Службен весник" на Народна Република Македонија.

Број 454 — Скопје, 15 јуни 1946 година.

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секретар, Наум Наумовски с. р

Претседател, Б. Фотев с. р.

200

На основание т. т. 1, 2, 4 и 8 од Решението на Антифашиското собрание на народното ослободуење на Македонија за конституисањето на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително претставително тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија, во врска со чл. 3 од Законот за изменение и дополнение на горното Решение и по предлог на Владата на Народната Република Македонија го донесува следниот

ЗАКОН

За укинуење Решението на Президиумот на Антифашиското Собрание на народното ослободуење на Македонија (АСНОМ) бр. 83 од 4. XII. 1944 година.

Чл. 1.

Решението на Президиумот на Антифашиското Собрание на народного ослободуење на Македонија (Министерство за финансиите) за забрануење на секакви покупко-продажби на недвижими имоти бр. 83 од 4. XII 1944 година се укинуе.

Чл. 2

Министерот на правосудието се ополномоштава да издава обвезни толкуења и напатствија за приложуење на овој Закон.

Чл. 3.

Овој Закон влегуе во сила со денот на објавуењето му во „Службениот веснак" на Народната Република Македонија.

Бр. 449 — Скопје, 15 јуни 1946 година.

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секретар, Наум Наумовски с. р.

Претседател. Б. Фотев с. р.

201

На основа т т 1, 2, 4 и 8 од Решението на Антифашиското собрание на народното ослободуење на Македонија за конституисањето на АСНОМ како врховно законодателно и исполнително претставително тело и највисок орган на државната власт на Демократска Македонија, во врска со чл. 3 од Законот за измение и дополнение на горното Решение и со чл. чл. 17 и 39 од Сојузниот Закон за уредуење на народните судови, а по предлог на Владата на Народната Република Македонија — Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија

РЕШАВА

Да се ТРАЈКО МИШКОВСКИ избрани редовни судија на Врховниот суд на Македонија ОПОЗОВЕТ од редовната судиска должност и стави на расположение на Председателството на владата на Народната Република Македонија.

Број 452 — Скопје, 15 јуни 1946 година.

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија.

Секретар, Наум Наумовски с. р.

Претседател, Б. Фотев с. р.

202

На основа чл. 15 од Уредбата за Македонската стопанска банка и чл. 43 од Статутот на Макдонската стопанска банка, а по предложение на Министерството на финансиите на Народната Република Македонија, — Президиумот на Народното Собрание на Народната Република Македонија

РЕШАВА:

Да се за член во Контролниот одбор на Македонската стопанска банка именуе

Видое Смилевски, член на Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија.

Скопје, 15 јуни 1946 година Број 451

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секретар, **Наум Наумовски с. р.**

Претседател, **Богоја Фотев с. р.**

203

На основа чл. 27 ст. 2 од Законот за уредување и надлежност на војните судови во Југословенската армија, а на предлог на Штабот на Корпуската Дивизија на Народната одбрана на Југославија за Македонија (VIII КНОЈа), — Президиумот на Народното собрание на Народната Република Македонија

РЕШАВА:

Да се за присуствителч на Војниот суд на Корпуската Дивизија на Народната одбрана на Југославија за Македонија (VIII КНОЈа) изберат следните лица:

Официри:
капетан Мисајловски Блажо
капетан Антоновски Иван
капетан Марачковски Лазар
капетан Ставревски Борчо
капетан Абдуловски Абдурман
поручник Маркич Жарко
поручник Тренчевски Јосиф
поручник Трзун Франьо

Подофицери:
ст. водник Калениковски Благоја
водник Спасовски Боге

Борци:
Тодорович Радојца
Георгиевски А. Георги
Рибар Неделко
Кировски Ристо, и
Горчевски Наум

Скопје, 15 јуни 1946 година. Број 450

Президиум на Народното Собрание на Народната Република Македонија

Секрета **Наум Наумовски с. р.**

Претседател, **Богоја Фотев с. р.**

204

На основа чл. 6 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија од 16 април 1945 година Владата на Народната Република Македонија, на предлог од Министерот на народната просвета ја донесуе следната

УРЕДБА

за оснивање на Државно книгоиздателство на Македонија

Чл. 1

Се основа Државно книгоиздателство на Македонија со седалиште во Скопје.

Чл. 2.

Претпријатието има задача да печати, подвреуе и издава, книги, списонија, брошури и други публикации од научен, културен и художествен содржај.

Оваа претпријатие ке ги издава и сите учебници за училиштата на територијата на Народната Република Македонија.

Чл. 3.

За постигнуење на своите задачи претпријатието има една или повеќе печатници и свои продавници (книжарници).

Во своите печатници претпријатието може да прима и други порачки а во своите книжарници да продава, освен своите и други домашни и други изданија.

Чл 4.

Основниот капитал на претпријатието е еден милион динари.

Основниот капитал може да се наголемуе со решение на Министерот на народната просвета во согласие со Министерот на финансиите на Народната Република Македонија

Чл. 5

Претпријатието работи по комерцијални начела. Прописите од Уредбата за државното сметководство нема да се применуат на ова претпријатие, освен во однос на завршената годишна сметка

Чл 6

Претпријатието се управуе од директорот и два помошника кои што се назначуат и сменуат од Министерот на народната просвета.

Директорот со помошниците ја образуат управата на претпријатието.

Чл 7.

Претпријатието полноважно го обврзуе директорот и еден помошник.

Чл 8

Со истиот приход од претпријатието по одбивање на износот за фондовите предвидени во правилникот располага Мин. на просветата во согласност со Мин. на финан. припаѓа на Народната Република Македонија.

Чл. 9

Контрола над работата на претпријатието врши Министерот на народната просвета.

Чл. 10.

Поблиски одредби за работата на претпријатието симуе со правилникот Министерот на народната просвета во согласност со Министерот на финансиите Правилник.

Правилникот за работата на фондовите од чл. 8 пропишуе Министерот на Народната просвета во согласност со Министерот на финансиите.

Чл 11

Оваа Уредба во сила од денот на објавуењето во „Службениот весник на Народната Република Македонија".

Претседател на Народната влада на НРМ
Л. Колишевски е. о.
Министер на просветата Н. Минчев с. р.

205

На предлог на Министерот на трговијата и снабдувањето Председателството на Народната Влада на НР Македонија донесе

УРЕДБА:
За основање Земско претпријатие за откуп и промет со афион и индустриски култури.

Чл. 1.

Се основа Земско претпријатие за откуп а промет со афион и индустриски култури.

Седалиштето на претпријатието е во град Скопје.

Чл. 2

Претпријатието ке се занимава со:

а) Откупот на афионот и индустриски култури од производителите;

б) Извоз на суров и преработен афион и индустриска култури; и

в) Натрешен трговски промет со афион и индустриски култури во рамките на отпитите законски прописи кои важат за промет со тиа продукти

Чл. 3

Основен капитал на претпријатието е Динари 5,000.000.

За наголемуењето на основниот капитал како и за отварање потребни парични кредити ке одлучува Министерот на трговијата и снабдуењето во согласие со Министерот на финансиите

Чл. 4

Со претпријатието управлава Директорот кој го поставува и сменува Министерот на трговијата и снабдуењето.

Чл. 5

Со чистата печалба на претпријатието располага Министерот на трговијата и снабдуењето во согласие со Министерот на финансиите, води надзор над претпријатието и одлучува за негово престанување на работата или спојањето со друго претпријатие.

Чл. 6.

Поблиски одредби за работата на претпријатието ке пропише Министерот на трговијата и снабдуењето со Правилник.

Чл. 7.

Оваа Уредба стапува во сила од нејзиното обнародување во „Службен весник на Н. Р. М."

Министер на трг. и снабдуењето: Д. Бојански е. р.
Претседател на Народната влада на НРМ
Л. Колишевски е. р.

206

ПРАВИЛНИК
за ангажирање, арчење и оправдуење на кредитите по облигационниот заем од 80,000 000—динари

На основание напатствијата на Привредниот совет на ФНРЈ бр. 1652 од 27.II.1946 година пропишуам следниот Правилник за ангажирање, арчење и оправдуење на кредитите по облигационниот заем во износ од динари 80.000 000.

Чл 1

Сите работи кои што се однесуат на евидентирање отворуење и арчење на кредитите од облигационниот заем од 80 000 000 —динари како и работите за прегледуење и ликвидирање на оправдателните документи ке ги врши Министерството на финансиите на НРМ

Чл. 2

Барањата за оправдуење на траншите по блигационниот заем од дин. 80 000 000 —при Државната хипотекарна банка—Главна филијала – Скопје, за тековната сметка на Министерството на финансиите на НРМ, ке се извршуе од страна на Банковно-валутниот отсек при Министерството на финансиите на НРМ.

Чл 3

Отворање на кредити испитување на нужните суми на финансовите одделенија по Окружните народни одбори и ликвидација на документите по облигационниот заем од 80 000 000 дин. ке се врши од страна на Одделението за сметководство и буџет при Министерството на НРМ

Чл. 4

Отворуење на кредити по облигационниот заем од 80.000.000 — дин. ке се врши на основавие барањата од страна на Министерството на градежите на НРМ по сите постоечки досегашни законски прописи.

Писмата со кои што ке се бара отворање на кредити се потпишуат од страна на Министерот на градежите на НРМ или неговиот помошник, а ке се премаподлежат на увот на сметководството.

Кон секое писмо за отварање на кредит ке се приложуе и решение на Министерот на градежите на НРМ. на основание на кое се бара отворуење на кредитот.

За секое отворање на кредити ке се известуе Министерството на градежите на НРМ.

Чл. 5

Бараните кредити ке ги одобруе, по облигационот заем од 80.000.000.—дин. Министерот на финансиите на НРМ или неговиот помошник.

Чл. 6

Контролникот по отворените кредити и партијалникот на извршените расходи по облигационот заем од 80.000.000.—дин. ке се води по работите кои ке се извршуат на терет на овој заем.

Секоја работа ке се означуе како одделна партија (сметка)

Чл. 7

Отсекот на Главното републиканско сметководство при Министерството на финансиите на НРМ ке отвори во Главната книга сметка Облигационен заем од 80.000.000.—дин. по која сметка расходите и приходите ке се книжат во глобални износи.

Во помошната книга по сметка облигационен заем од 80.000.000.—дин. ке се отворат нужните подсметки.

За ангажирање на расходите по наведениот заем ке се води одделно специјален контролник на кредитите.

Чл. 8

Се задолжуе Министерството на градежите да води контролник на отворените кредити од Облигационот заем од 80.000.000 —дин.

Чл. 9

За нуждите по облигационот заем од 80.000.000 дин. ке се повлечуат суми од Државната хипотекарна банка, Главен филијал—Скопје, по признаници на Министерството на финансиите на НРМ потпишани од страна на Министерот на финансиите на НРМ или неговиот Помошник од страна на Началникот на Одделението за сметководство и буџет при Министерството на финансиите на НРМ или неговиот заменик и од касиерот на Главната републиканска каса.

Чл. 10

Финансовите оддели при Окружните Н. О. ке водат одделно специјален контролник на кредитите за сите испратени суми по работите кои паѓат на терен на облигационот заем.

Контролникот ке се води по предвидените прописи по чл 6 од овој Правилник.

Чл. 11

Наредбите за исплатуење на авансовите признаници и на ликвидните документи по облигационот заем од 80.000.000—дин. кои ке ги исплатуат финансовите оддели при Окружните народни одбори, ке ги подпишуе Прочелникот и референтот на техничкиот оддел при Окружниот народен одбор, а премаподпишуе односниот режисер.

Во наредбата за исплата да се означи дека исплатата паѓа на терет на облигационот заем од 80.000.000— и се означи партија позиција, број и датум на решението на Министерството на финансиите на НРМ со кое е отворен кредитот.

Чл. 12

Финансовите оддели при Окпружните народни одбори исплатените ликвидни документи по облигационот заем од 80.000.000—дин. през месецот ке ги книжат на терет с/ка расходи-Облигационен заем дин. 80 000.000.—

На крај на месецот исплатените документи прокнижени на терет сметка расходи по облигационот заем од 80.000.000—дин. ке се внесат во преглед — извод на исплатените документи по истиот заем.

Прегледот треба да има следните сведенија:

1. Редни број;
2. Број од деловодниот протокол;
3. Име, презиме и место на корисникот;
4. Број од наредбата на техн. одел за исплатата на документот;
5. Број од решението на Министерството на финансиите на НРМ со кое е кредитот отворен;
6. Бруто сума по работата (партијата);
7. Вкупен износ по сите работи (партии);

Изводот со документите да секој месец ке се достави на Министерството на финансиите на НРМ Одделение за сметководство и буџет — најдоцна до 5 во одниот месец.

Чл. 13

Каматата за 1946 година, која следуе да се плати на Државната хипотекарна банка —Главен филијал — Скопје, по исплатените транши од облигационот заем од 80.000.000 дин. ке се расходуе на терет самиот заем, за која цел ке се предвиди одделна партија.

Каматата, платена од страна на Државната хипотекарна банка — Главен филијал—Скопје, по истеглени транши кои се книжени во полза на жиро сметка на Министерството на финансиите на НРМ, ке се приходува во полза на истиот заем по предвидената партија во предниот став од овој член.

Чл. 14

За испитуење на исплатените документи по облигационот заем од 80.000.000.—дин. од суштинска страна, дали се средствата правилно, најефикасно употребени во определените цели, се образува, Комисија при Министерството на финансиите на НРМ во состав од три члена, од едно лице определено од страна на Претседателот на Контролната комисија при Претседателството на Владата на НРМ, второ стручно лице определено од страна на Министерот на градежите на НРМ и трето лице определено од Министерот на финансиите на НРМ.

Сите документи исплатени на терет облигационот заем ке стават на расположение секој месец за преглед на Комисијата од предниот став

За константирањето по документите, Комисијата е должна да поднесуе извештај на Министерот на финансиите на НРМ.

Чл 15

Доделените кредити по облигационот заем од динари 80.000.000.—не се врзани нито со буџетската нито со сметководната година и нивното ангажирање исплата и расходуење ке се врши се додека се кредитот до крај не поарчи и определените суми по заемот сосем не поарчат.

Во случај да се една иста работа финансира и од облигационот заем и од буџетската или ванбуџетските средства, прописот на претходниот став има значение само за поарчусните средства од облигационот заем

Чл. 16

По завршуењето на сите работи, кои што се предвидуат да се финансираат од облигационот заем од дин. 80,000 000.— во срок од два месеца ке се изготви завршна сметка по извршените расходи и остварените приходи по истиот заем.

Завршната сметка се прегледуе и визира од страна на Контролното одделение при Министерството на финансиите на НРМ, кое ке даде предложение за разрешение на Народното собрание на НРМ дава одобрение.

Чл 17

За сметководната работа по облигационот заем од 80.000.000 дин., во поглед на негово арчење важат прописите од Уредбата за државното сметководство, доколку не се изменени со други законски прописи.

Чл. 18

Овој Правилник влегуе во сила кога ке се публикува во „Службен весник" на НРМ.

II Бр. 22070 — 28.V.1946 г.

Министер на финансиите на НРМ
Д. Џамбас с. р.

207

На основание Глава „Ж" тач. 1 став 4 од Времените напатствија за исполнение на казните, Министерството на внатрешните работи на НР Македонија го донесе следното

РЕШЕНИЕ

1. Да Главниот воен затвор на Македонија носи следниот назив: Народната Република Македонија — КАЗНЕНО-ПОПРАВИТЕЛЕН ДОМ И ЗАВОД ЗА ПРИСИЛНА РАБОТА — Скопје.

2. Горното решение влегуе во сила од денот на објавуењето во „Службениот весник на НР Македонија".

Решено во Министерството на внатрешните работи на НР Македонија под М бр. 2500 од 12 јуни 1946 год.

С. Ф. — С. Н.

Министер. **Цв. Узуновски с. р.**

208

На основа чл. 5 од Решението Бр. 1713 од 30 IIV 1946 год. на Министерот на народната просвета за отворање на еден тримесечен курс за нови основни учители во Скопје и Битола се пропишуе овој:

ПРАВИЛНИК

За организацијата и работата на курсот за нови основни учители во македонските основни училишта.

Чл. 1

Курсот има за цел да им даде на курсистите стручно теориско знаење и практична напатствија за учителска работа во основните училишта.

Чл. 2

На курсот се приемаат кандидати со свршен VI, VII или VIII клас гимназија или со свршен II, III и V клас од богословија или женска стручна занатска школа.

Чл. 3

Наставата на курсот ке се изведуе според пропишаниот наставен план и програма.

Чл. 4

Од 1 јули до 31 август 1946 год. на курсот ке се предаваат теориски следните предмети:

1. Педагогика и историја на педагогиката со 3 ч. недлно.
2. Психологија и детска психологија со 3 ч. неделно.
3. Дидактика со 1 ч. неделно.
4. Методика со практична работа со 10 ч. неделно
5. Македонски јазик со 6 ч. неделно.
6. Историја со 3 ч. неделно.
7. Географија со 3 ч. неделно
8. Народно просветуење со 1 ч. неделно
9. Училишна администрација со 1 ч неделно

се на се со 30 ч. неделно

Од 1 до 15 септември 1946 год. курсистите ке држат практични предавања во основните училишта. Секој курсист е должен да одржи најмалку едно практично предавање, а по потреба и повеке предавања. Оценките добиени од овие предавања се едновремено и испитни оценки.

Чл. 5

За курсистите ке биде отворен интернат во кој што ке бидат сместени оние курсисти кој што немат приватни станови. Бедните курсисти ке бидат примени бесплатно.

За интернатот ке се грижи директорот. Тој ке пропише и домашен ред за интернатот што ке се потврди од Министерството на народната просвета.

Чл. 6

Курсот се раководи од директорот неговиот помошник и преподавателскиот совет.

Директорот, помошникот на директорот и преподавателите ги назначуе Министерството на народната просвета.

Чл. 7

Директорот на курсот е должен:

а) да управуе со курсот според прописите и наредбите на Министерството на народната просвета и да се грижи за образованието и воспитанието на курсистите;

б) да се грижи за точното држење на часовите и спроведуењето на наставната програма;

в) да ги запознава преподавателите со расписите на Министерството на народната просвета;

г) да свикуе седници на преподавателскиот совет и да раководи со нив;

д) да поднесуе на Министерството на народната просвета извештај за работата и состојанието на курсот;

е) да ја води преписката од курсот под свој потпис и да ги чува службените писма и административните книги.

Чл. 8

Помошникот на директорот ја води целата работа околу исхраната и настанувањето на курсистите, како и правилното финансирање на курсот.

Чл. 9

За да се олесни работата на директорот околу правилното спроведување на наставата Министерството на народната просвета ке определи лице кое што ке му помага на директорот за по редовно спроведуење на наставата.

Чл. 10

Преподавателскиот совет го сочинуат директорот и сите преподаватели.

Преподавателскиот совет се собира на позив од директорот. На седниците претседава директорот, а решенијата се донесуат со апсолутна векина. При еднаква поделба на гласовите одлучуе гласот на претседателот.

Чл. 11

Преподавателскиот совет е должен:

а) да се договорує за мерките што би можеле да ја напреднат наставата и воспитанието на курсистите

б) да расправуе за успехот и поведението на курсистите;

в) да изречуе помалки, да предложуе поголеми наказанија и пофалби за курсистите пред Министерството на народната просвета;

г) да дава предлози за одобрение на наставата и работата на курсот

Чл. 12

Преподавателите се должни;

а) да ги продаваат определените предмети по пропишаната наставна програма;

б) да се спремаат за часовите и точно да ги држат;

в) да присаствуат на седниците од преподавателскиот совет.

г) да ги чуваат службените тајни во кои што спаѓа и она што се зборуе на седниците од преподавателскиот совет.

Чл. 13

Поради големиот број курсистите ке бидат групирани во повеке паралелки За секоја паралелка ке се определи по еден раководител и тоа од преподавателите што преподаваат во таа паралелка. Раководителот се определуе од директорот на курсот.

Чл. 14

Раководителите на паралелките се должни:

а) да се грижат за образованието и воспитанието на курсистите од своите паралелки:

б) да го водат дневникот и главната книга, да ги пишуат дипломите или уверењата и да ја водат преписката од своите паралелки;

да ги упатуат курсистите од своите паралелки на наредбите од овој правилник и другите прописи да ги оправдаваат изостанците и да се грижат за редот и дисциплината во своите паралелки.

Чл. 15

За правилното работење на курсот одговорен е лично директорот пред Министерството на народната просвета

Чл. 16

Курсистите се должни:

а) редовно да присаствуат на сите часови и практични предавања. Курсистот кои што ке направи десет или повеке неоправдани изостанци или повеке од сто оправдани изостанци се смета дека не може да го совлада предвиденот учебен материјал и губи право на испит

б) да ја пазат работната дисциплина;

в) да го чуваат државниот имот;

г) да се придружат на прописите и наредбите дадени од Министерството на народната просвета, директорот на курсот и преподавателскиот совет.

Чл. 17

За провинанија курсистите можат да бидат наказувани.

За помалки провинанија дава наказанија директорот и преподавателскиот совет. За поголеми провинанија решение за накажување донесуе Министерството на народната просвета, на прелог од преподавателскиот совет.

Чл. 18

Наказанијата за курсистите се следните:

а) напоменуење од директорот;

б) напоменуење од преподавателскиот совет;

в) отстрануење од курсот.

Првите две накјазанија ги наложуе директорот, односно преподавателскиот совет, а третото Министерството на народната просвета, на предлог од преподавателскиот совет.

Чл. 19

Од 16 до 30 септември курсистите ке полагаат испити.

Испитите кје се полагаат пред испитна комисија од три члена. Во комисијата влегуат: раководителот на паралелката, како председател, еден стален член и предметниот преподавател како член испитуач.

Председателот и сталниот член се должни да присаствуат стално на испитот.

Директорот на курсот и неговиот помошник кје водат контрола над испитите.

Контрола над испитите кје врши Министерството на народната просвета преку свој специален пратеник.

Чл. 20

Испитите на курсот се писмини и усни.

Чл. 21

Писмени испити кје се полагаат од педагошка група (педагогика и историја на педагогиката, психологија и дидактика) и македонски јазик.

Писмените испити кје се полагаат два сата од секој предмет се работат под контрола на комисијата.

Чл. 22

Предметниот преподавател предложуе на комисијата три теми од кои што комисијата одбира една

Писмените задачи треба да бидат од материалот што е минат на курсот.

Чл. 23

Изработените задачи ги прегледуе и дава оценка предметниот преподавател. Осенката треба да биде потврдена и од другите членови на комисијата. Оценките се: одличен (5), многу добар (4), добар (3) и слаб (2).

Чл 24

Усни испити кје полагаат сите курсисти без обзир на резултатот од писмените испити.

Чл. 25

Усни испити кје се полагаат од педагошка група, македонски јазик, (Турски и шиптарски), географија, природознание, математика и физика.

Чл. 26

На усниот испит предметиот испитуач кје поставуе прашање од минатиот материал. Усниот испит кје трае 15—20 минути за секој кандидат.

Чл. 27

После усниот испит комисијата ги утврдуе оценките. Ако кандидатот добие на писмениот испит слаба оценка од некој предмет, тогаш на усниот испит треба да даде сосем добри одговори за да добие барем добар успех. Во секој случај оценките од писмените и усните испити не се пресметнуат аритметички но како најде за најарно испитната комисија.

Чл. 28

Курсист кој што кје покаже слаб успех од еден предмет се смета дека не го положил курсот.

Чл 29

За полагањето на испитите кје се води записник по определен образец.

Чл. 30

Курсистите што кје свршат курсот успешно добиват уверение да свршиле успешно курсот.
вни основни учители.

Чл 31

Образецот за дипломата го пропишуе Министерството на народната просвета.

Чл. 32

Директорот на курсот е должен најдоцна 15 дена по свршуењето на испитите да поднесе исцрпен извештај за целата работа на курсот

Сите книги на курсот ке се приклучуат кон школите за народни учители во Скопје и Битола.

Чл. 33

Овој Правник стапуе на снага од денот на објавуењето во Службен весник на Н. Р. М

Министер на просветата
Н. Минчев с. р.

209

На основа чл 5 од Решението Бр. 1714 од 30. IV. 1946 год на Министерот на народната просвета за отворање на леген тримесечен курс за времените основни учители во Скопје и Битола, се пропишуе овој

ПРАВИЛНИК

за организацијата и работата на курсот за времените основни учители во народните основни училишта

Чл 1

Курсот има за цел да им даде на курсиотите стручно теоријско знание, општо образование и практична напатствија за учителска работа во основните училишта.

Чл. 2

На курсот се должни да се јаваат сите времени учители кои што минатата година го свршна летниот тримесечен курс како курсисти од II група.

Чл. 3

Наставата на курсот кје се изведуе според пропишаниот наставен план и програма.

Чл 4

Од 1 јуни до 15 септембра на курсот кје се предаваат следните предмети:

1. Психологија	со 3	часа	недолно
2. Педагогика	„ 3	„	„
3. Методика на одделни предмети	„ 4	„	„
4. Македонски јазик (турски, шиптарски)	„ 6	„	„
5. Историја	„ 3	„	„
6. Географија	„ 2	„	„
7 Природознание	„ 4	„	„
8. Математика	„ 2	„	„
9. Физика	„ 3	„	„
10. Народно просветуење	„ 1	„	„
11. Училишна администрација	„ 1	„	„

Се на се 32 часа неделно

Курсистоте од малцинствата кје учат 2 часа неделно и македонски јазик.

Чл. 5.

За курсистите кје биде отворен интернат во кој што ке бидат сместени оние курсисти кои што немат приватни станови.

За интернатот кје се грижи директорот. Тој кје пропише и домашен ред за интернатот, што кје се потврди од Министарството на народната просвета.

Чл 6

Курсот со раководи од директорот, неговиот помошчик и преподавателскиот совет.

Директор, помошникот на директорот и преподавателите ги назначуе Министерството на народоата просвета.

Чл. 7

Директорот на курсот е должен:

а) да управуе со курсот според прописните и наредбите на Министерството на народната просвета и да се грижи за образованието и воспитанието на курсистите.

б) да се грижи за точното држање на часовите и спроведуење на наставната програма

в) да ги запознаје преподавателите со расписите на Министерството на просветата.

г) да свикуе седници на преподавателскиот совет и да раководи со нив;

д) да поднесуе на Министерството на народната просвета извештај за работата и состојанието на курсот;

д) да поднесуе на Министерството на народната просвета извештај за работата и состојанието на курсот;

е) да ја води преписката од курсот под свој пос и да ги чува службените писма и адманастравните книги

Чл. 8

Помошникот на директорот ја врши целата работа околу исхраната и настануењето на курсисте, како правилното финансирање на курсот.

Чл. 9

За да се поолесни работата на директорот околу правилното спроводуење на наставата Министерството на народната просвета кје определи лице кое кје му помага на директорот за поредовното спроведуење на наставата.

Чл. 10

Преподавателскиот совет го сочинуат директорот и сите преподаватели.

Преподавателскиот совет се собира на позив од диерректорот. На седниците претседава директор, а решенијата се донесуат со апсолутна векјина При еднаква поделба на гласовите одлучуе гласот на претседателот.

Чл 11

Преподавателскиот совет е должен:

а) да се договоруе за мерките што би можело да ја напреднат наставата и воспитанието на курсистите;

б) да расправуе за успехот и поведението на курсистите;

в) да изречуе помалки, да предложуе поголеми наказанија и пофалби за курсистите пред Министерството на народната просвета;

г) да дава предлози за подобрение на наставата и работата на курсот.

Чл. 12

Преподавателите се должни:

а) да ги предаваат определените предмети по пропишаната наставна програма;

б) да се спремаат за часовите и точно да ги држат,

в) да присаствуат на седниците од преподавателскиот совет;

г) да ги чуваат службените тајни во кои и што спагја и оноа што се зборуе на седниците од преподавателскиот совет.

Чл 13

Поради големиот број курсистите кје бидат групирани во повекје паралелки. За секоја паралелка ке се определи по еден раководител и тоа од преподавателите што преподаваат во таа паралелка. Раководителот се определуе од директорот на курсот.

Чл. 14

Раководителите на паралелките се должни:

а) да се грижат за образованието и воспитанието курсистите од своите паралелки:

б) да го водат дневникот и главната книга, да ги пишуат дипломите или уверенијата и да ја водат преписката од своите паралелки;

в) да ги упатуат курсистите од своите паралелки на наредбите од овој Правилник и другите прописи да ги оправдаваат изостаниците и да се грижат за редот и дисциплината во своите паралелки.

Чл. 15

За правилното работење на курсот одговорен е лично директорот пред Министерството на народната просвета

Чл 16

Курсистите се должни:

а) редовно да присаствуат на сите часови и практични предавања. Курсист кој што кје направи десет или повекје неоправдани изостанци или повекје од сто оправдани изостанци, се смета дека не може да го совлада предвидениот учевен материал и губи право на испит.

б) да ја пазат работната дисциплина;

в) да го чуваат државниот имот;

г) да се придружуат на прописите и наредбите дадени од Министерството на народната просвета директорот на курсот и преподавателскиот совет.

Чл. 17

За провинениј курсистите можат да бидат наказувани.

За помалки провинениј дава наказанија директорот и преподавателскиот совет Зо положени провинениј решение за накажуване донесуе Министерството на народната просвета, а предлог од преподавателскиот совет.

Чл. 18

Наказанијата за курсисте се следните:

а) напоменуење од директорот;

б) напоменуење од преподавателскиот совет;

в) отстрануење од курсот.

Првите две наказанија ги наложуе директорот односно преподавателскиот совет, а третото Министерството на народната просвета, на предлог од преподавателскиот совет.

Чл 19

Од 16 до 30 септембри курсистите кје полагаат испити.

Испитите кје се полагаат пред испитна комисија од три члена Во комисијата влегуат: раководителот на паралелката како председател еден стален член и предметниот преподавател како член испитуеч

Председателот член се должи да присаствуат стално на испитот сталниот

Директор на курсот и неговиот помошник кје водат контрола над испитите.

Контрола над испитите кје врши и Министерството на народната просвета преку свој специален пратеник.

Чл. 20

Испитите на курсот се писмени и усни.

Чл 21

Писмени испити кје се полагаат од педагошка група (педагогика и историја на педагогиката психологија и диктатика) и македонски јазик, (турски, шиптарски).

Писмени испити ке се полагаат од педагошка предмет и се работат под контрола на комисијата.

Чл. 22

Предметниот преподавател предложуе на комисијата три теми од кои комисијата одбира една.

Писмените задачи треба да билат од материалиот шт е минат на курсот

Чл. 23

Изработените задачи ги прегледуе и дава оценка предметниот преподавател. Оценката треба да биде потврдена и од другите членови на комисијата. Оценките се: одличен (5), многу добар (4) добар (3) и слаб (2).

Чл. 24

Усни испити кје полагаат сите курсисти без обзир на резултатот од писмените испити

Чл. 25

Усни испити кје полагаат од педагошка група, македонски јазик (турски, шиптарски), географија, природознание, математика и физика.

Чл 26

На усниот испит пред комисиот испитуач ке поставуе прашања од минатиот материал. Усниот испит ко трае 15 до 20 минути за секој кандидат.

Чл. 27

После усниот испит комисијата ги утврдуе оценки те. Ако кандидатот добие на писмениот испит слаба оценка од некој предмет тогај на усниот испит треба да даде сосем добри одговори За да добие општ добар успех. Во секој случај оценките од писмените и усните испити не се пресметуат аритметички но како го најде за најавно испитната комисија.

Чл. 28

Курсистот кој што ке покаже слаб успех од еден предмет се смета дека не го положил курсот.

Чл 29

За полагањето на испитите кје се води записник по определен образец.

Чл. 30

Курсистите што кје свршат успешно курсот добиват уверение дека го свршиле успешно курсот.

Чл. 31

Образецот за уверението го пропишуе Министерството на народната просвета.

Чл 32

Директор на курсот е должен најдоцна 15 дена по свршуењето на испитите да поднесе исцрпен извештај за целата работа на курсот.

Сите книги на курсот ке се приклучат кон школите за народни учетели во Скопје и Битола.

Чл 33

Овој Правилник стапуе на снага од денот на објавуење во Службен весник на Н. Р. М.

Министер на просвета

Н. Минчев с. р.

210

За да се задоволи потребата од учители и преподаватели по пеење Министерот на народната просвета на Народна Република Македонија, на основа чл. 6 и 7 од Законот за Народната влада на Народна Република Македонија од 16 април 1945 год. го донесуе следното

РЕШЕНИЕ

Чл. 1

Во Скопје ке се отвори двомесечен курс по пеење за учителите и преподавателите, кои што минатата година го свршиа курсот по пеење, организиран од Министерството на народната просвета.

Члч 2

Оние учители кои што имаат свршено учителско школо и кои што ке го успешно свршат и овој двомесечен курс, добиваат право за редовни учители по пеење во гимназиите, во колку има за тоа потреба. Инаку ке останат учители во основните училишта со квалификација специалисти по пеење.

Истите, по желание ке имаат право, после една година а најдоцна до три години да го полагаат завршениот и дипломатскиот испит од наставничкиот одтел во Средната државна музикална школа во Скопје заедно со редовните ученици.

Чл. 3

Досегашните привремени преподаватели по пеење во гимназиите кои што го завршиле минатата година курсот по пеење, а имаат најмалку VI-то класно или нему равно образование, добиваат право на редовни учители, ако го успешно свршат и овој двомесечен курс.

Истите по желание, имаат право на полагање на завршени дипломски испит, како и учителите споменати во чл. 2

Чл. 4

Оние привремени преподаватели кои што го свршиа курсот по пеење минатата година имаат помалку од VI-то класно или нему равно образование но не помалку од IV-то класно или нему равно образование, после успешно свршуење на овој двомесечен курс ке се јаваат и идната година на курс. После това добиваат право на редовни учители Исто така добиваат и право, по желание да, после успешно завршен едногодишниот курс, полагаат завршен дипломски испит во Средната државна музикална школа како и учителите од чл. 2 и 3

Чл 5

Во Скопје ке се отвори исто така курс за нови учители по пеење во гимназиите.

На овој курс на прво место ке се примаат кандидати кои што имаат свршено најмалку VI-то класно или нему равно образование. Покрај овој услов кандидатите ке бидат подвргвати и на музикална проба.

Овој курс ке трае два и пол месеци.

Чл 6

Курсистите од чл. 5, после успешно свршениот курс добиваат право на привремени учители по пеење.

Истите ке се јаваат на курс и идната година и после успешно свршуење на истиот го добиваат правото како и курсистите од чл. 3

Чл. 7

Свршените курсисти са должни да бидат учители по пеење најмалку три години. Исклучение има да се направи само со одобрението на Министерот на народната просвета.

Чл. 8

За организацијата и работата на овие курсови ке се пропише одделен правилник.

Чл. 9

Ова Решение влегуе во сила од денот на објавуењето во Службениот ресник на Н.Р.М.

Министер на нар. просвета:

(Н. Минчев)

211

На основание чл. 7 од Уредбата за определуење и контрола на цените, Земскиот уред за цени при Претседателството на Владата на Н. Р. Македонија го донесе следното:

РЕШЕНИЕ БР. 43

За определуење цените на коларокозачките услуги на територијата Н. Р. Македонија.

КОЛАРСКИ УСЛУГИ — (ДРВЕНАРИА)

Чл. 1

	Во сите градои на НРМ	Во останалите места на НРМ (села)
1. Кола обична коњска	дин. 3050	дин. 2440
2. Кола обична воловска	дин. 3450	дин. 2660
3. Кола коњска чивт	дин. 3450	дин. 2660
4. Чеза	дин. 3100	дин. 2480
5. Спица коњска	дин. 12	дин. 9
6. Табан колски	дин. 14	дин. 11
7. Табан коњски	дин. 20	дин. 16
8. Табан воловски	дин. 24	дин. 19
9. Страки за тек кола	дин. 260	дин. 208
10. Страници коњски	дин. 300	дин. 240
11. Страници за вол. кола	дин. 340	дин. 250
12. Макази предни	дин. 280	дин. 224
13. Макази задни	дин. 190	дин. 150
14. Праг воловски	дин. 240	дин. 192
15. Праг за коњска кола	дин. 210	дин. 168
16. Сопец	дин. 32	дин. 27
17. Јастак		
18. Главина	дин. 160	дин. 128
19. Руда (ок.)	дин. 127	дин. 100

КОВАЧКИ УСЛУГИ (ЖЕЛЕЗАРИЈА)

1. Кола обич. коњска-стеган.	дин. 800	дин. 680
2. Кола обична волов. стеган	дин. 1000	дин. 800
3. Кола чивт стеган	дин. 1000	дин. 800
4. Чеза	дин. 800	дин. 680
5. Стегание шина од 8-12 м.м.	дин. 90	дин. 72
6. Стегание шина од 15 м.м.	дин. 110	дин. 93
7. Чемберијтас	дин. 8	дин. 6.50
8. Оска варение до 16 кгр.	дин. 150	дин. 120
9. Оска варение над 16 кгр.	дин. 200	дин. 160
10. Каврама	дин. 25	дин. 20
11. Гјонија коњска	дин. 25	дин. 20
12. Гјонија воловска	дин. 30	дин. 25
13. Шина ветва стегание	дин. 50	дин. 40

Чл. 2

Горните цени се определени на основание определените норми, режиска степа 44% и законска печалба 20% врху работата.

За другите услуги занајатчиите ке наплагуват према утрошените работни саатои увеличени со режиската стопа и законска печалба од средноста на утрошените надници, и 10% печалба врху употребените материали.

Чл. 3

Се задолжуат народните одбори да го разгласат ова решение, а Занајатчијската камара да изготви ценовници кој ке бидат заверени од властите. Занајатчиите да ги истакнат ценовниците во нивно место.

Чл. 4

Овоа решение стапуе во сила од денот на објавуењето во „Службен весник на Н. Р. Македонија", и сите од сега издадени решенија од Народните Одбори со издавањето на ова се анулират.

Земски уред за цени Директор:
Д. Саботко е. р.

212

На основание чл. 7 од Уредбата за определуење и контрола на цените, Земскиот уред за цени при Претседателството на Народната Влада на Н. Р. Македонија го донесе следното:

РЕШЕНИЕ БР. 44

За определуење откупните цени од производителот на држалки за казми и лопати.

Чл. 1.

1. 1 држалка за лопата размер 130x5x4 од тврд буков материал дин. 9.—
2. 1 држалка за казма размер 100x6x4 од тврд материал од производителот дин. 8.—

Чл. 2.

Во трговците држалките ке се продават согласно напатствието за определуење на цени бр. 4850 од 5-III-1946 год. „Сл. саобштение бр. 10 од 8-III-1946 г.

Чл. 3.

Овоа Решение стапуе на снага на 20-V-1946 год. а накнадо ке биде објавено во „Сл. весник" на Н. Р. Македонија.

Земски уред за цени
Директор, **Д. Саботко с. р.**

213

На основание чл. 7 Од уредбата за определуење и контрола на цените, Земскиот уред за цени при Претседателството на Народната Влада на Н. Р. Македонија го донесе следното:

РЕШЕНИЕ БР. 45

Со кое се определува единствена цена на бурекот на територијата на Н. Р. Македонија.

Чл. 1.

1) полномасен бурек со сирење и месо за 1 кгр. дин. 32.—
2) полномасен бурек со спанак за 1 кгр. дин. 28—

Чл. 2.

Горните цени се определени на основание определените норми, утрошениот материал, режиската стопа законска печалба.

Чл. 3.

За прекршуење горните цени ке се казнува по Законот за борба против шпекулата и привредната саботажа.

Чл. 4.

Овоа Решение стапува на снага 21-V-1946 год. а допалнително ке излезе во „Службен весник на Н. Р. Македонија".

Земски уред за цени
Директор, **Д. Саботко е. р.**

214

На основание чл. 7 од Уредбата за определуење и контрола на цените Земскиот уред за цени при Претседателството на Народната Влада на Н. Р. Македонија го донесе следното:

РЕШЕНИЕ БР. 46

со кое се определуат единствени цени за орање и жнеење на територијата на Н. Р. Македонија.

Чл. 1.

За орање со трактори длабочина од 15-18 см. ке се наплатуе како следуе:

1) за 1 декар нива орање дин. 75.—
2) за 1 декар жнеење дин. 30.—

За косење и жнеење со трактор ке се наплатуе како следуе:

1) за декар косење дин. 30.—

2) за 1 декар жнеење дин 35.—

3) за 1 декар жнеење и врзување на снопови со манила дин. 50.—

Чл. 2

Сите преписи кој се во супротност со ова решение на територијата на Н. Р. Македонија се ставуат ван сила од денот на стапуењето на снага на ова решение.

Чл. 3

Ова решение стапуе на снага од денот на објавуењето му во „Сл. весник на Н. Р. М."

Земјен уред за цени
Директор, Д. Саботко с. р.

215

Привремена правна терминологија по македонски јазик

СРПСКИ	МАКЕДОНСКИ
А.	
Адвокат	Адвокат
адвокатски приправник	адвокатски кандидат
атар	синор
афект	афект
Б.	
бранилац	бранител
брачне сметње	брачни пречки
бракоразводан, — на, — но	бракоразводен, — на, — но
блуд	блуд
благовремен, — на, — но	навремен, — на, — но
благовремено	навреме/благовремено
В.	
веће	совет
већање	советуење
властодавац	властодател
васпитне мере	воспитни мерки
вештак	вешто лице
вештачење	вештачење
врста	вид
ванбрачан, — на, — но	ванбрачен, — на, — но
веридба	свршавачка
вереник-ница	свршеник-ница
вешала	бесилка
вешање	бесење
власник	сопственик
власништво	сопственост
Г.	
гласање	гласање
губитак	губиток
годишњи распоред	годишен распоред
гоњење (по предлогу)	гонење (по предлог)
Д.	
дело (кривично)	дело
доказ — доказивање	доказ — докажуење
дозвола	дозвола
дужник	должник
деоба	делба
добро (имовина)	имот
државна	владение
детенција	детенција
доставница	потврда
Ж.	
жалба	жалба
жалилац	жалител

СРПСКИ	МАКЕДОНСКИ
З.	
забрана	забрана
заклетва	клетва
заклети се	се заколнуам (се колнам)
закуп	наем
закуподавац — закупац	наемодател — наемател
записник	записник
записничар	записничар
заступник	застапник
затвор	затвор
затвореник	затвореник
завод за принудан рад	завод за присилна работа
закон — законик	закон — законик
законодавац	законодател
заменик	заменик
застарелост	застареност
заблуда	заблуда
залог	залог
заоставштина	оставина
злочинац	злосторник
злочинство	злосторство
замолница	помодница
злоупотреба	злоупотрба
зајам	заем
задовољан, — на, — но	доволен, на, — но
И.	
извршна пресуда	извршна пресуда
извршење	извршуење
извршилац	извршител
изузеће (судије)	отстрануење (на судијата)
исказ	исказ — искажуење
испит (окривљеника)	испит (на обвинетиот)
испитивање	испитуење
исправа	документ
Интабулација	интабулација
истук	истап — нарушение
известилац (референт)	известител (референт)
извештај	извешта;
излучење	одлачуење
излучна тужба	одлачна тужба
издржавање	издршка — издржуење
изрицање	изрекнуење
изнуда	изнуда — изнудуење
имовина	имот
имућан, — на, — но	имотен, — на, — но
издавца	предавник
извиђај	извид — извидуење
истражник	истражник
истражење	истражуење
истрага	истрага
Ј.	
јавни гужилац	јавен обвинител
јавни претрес	јавен претрес
крив, — а, — о	виновен, — на, но
кривац	виновник
кривица	вина
казна	казна
кривично дело	кривично дело
клевета	клевета
крађа	ражба
крадљивац	крадец
казнено — поправни дом	казнено — поправителев дом
квалификација	квалификација
куповна	купувачка
Л.	
легат	легат
лишење (слободе)	лишение (од слобода)
М.	
малолетан — на, но	малолетен, — на, — но
место становања	местожителство
мишљење	мнение
материјално стање	имотно состојание
мито — подмићивање	поткуп (подкупуење)
молба — молилац	молба — молител

СРПСКИ	МАКЕДОНСКИ
Н.	
надлежан — на, — но	надлежен, — на, — но
надлежност	надлежност
накнада (штете)	накнада (на штетата)
наредба — наређење	наредба
надзор	надзор
наследство	наследство
непокретан, — на, — но (добро)	недвижен, — на, — но (имот)
непокретност	недвижност
нужна одбрана	нужна одбрана
на лицу места	на самото место
накнадан, — на, — но	дополнителен, — на, — но
нехат	нехат
незадовољан, — на, — но	недоволен, — на, — но
несавестан — на, — но	несовестен, — на, — но
новчана казна	глоба (парична казна)
О.	
оптуженик (окривљеник)	обвинет
обезбеђење	обезбедување
одбрана	одбрана
одлакшица	одлука
но	одобрение
осуђен, — осуђена, — осуђеник	осуден
одобрење	осуден, — на, — но
одлука	одлука
оптужница	обвинителен акт
објава	објава
образац	образец
образложење	образложение
оштећеник	оштетен
оштећен, — на, — но	оштетен, — на, — но
оверавање (овера)	заверка
обнављање (обнова)	обновување (обнова)
обавеза	обврска — задолжение
обавезан, — на, — но	задолжен, — на, — но
олакшавајућа — олакшавајућа (околност)	олеснителна (олстојателство)
отежавајућа — отежавајућа (околност)	отежителна (олстојателство)
оставина	оставина
оставински, — ска, — ско	оставински, — ска, — ско
основ	основа
одлагање	одложување
обавест	соопштение
одустанак	отказ — откажување
околност	олстојателство
ослобађајућа пресуда	ослободителна пресуда
осудна пресуда	судна пресуда
П.	
покретање	започнување
побачај	пометнување
парница	спор
паљевина	палеж
поврат	поврат
погрешка	грешка
податци	сведенија — подаци
позив	позив
покушај	опит (обид — обидување)
помиловање	помилување
помоћ — помоћник	помош-помошник
понављање (кр. поступка)	повторување (на кр. постапка)
поступак	постапка
поступање	постапување
поравнање	спогодба
пословна способност	работна способност
предлог	предлог
предмет	предмет

СРПСКИ	МАКЕДОНСКИ
превара	превара
претрес (претресање)	претрес (претресување)
потраживање	барање
приговор	приговор
признање	признание
пријава	пријава
посинак	посинок (посинет)
поћерка	поќерка
позаконење	позаконување
прилог	прилог
причуда	принуда
принудан рад	присилна работа
принудно	принудно
приправник	кандидат
предумишљај	предумисла
процена	проценка
потстрекавање	потстрек (насоскување)
потстрекач	потстрекач
пунолетство	полнолетство
пуно	полнолетен, — тна, — тно
пуномоћно	полномошно
пуномоћник	полномошник
покретност	движност
покретан, — на, — но	движен, -на, -но
прељуба	прељуба
прекидање	прекинување (напостапката)
поверење	доверба
повереник	доверител
поправне мере	поправителни мерки
порекло	потекло
процес	процес
пословешка	пословешка
преводилац	преводач
подвођење	подведување
поклон	дар (подарок)
помирење	[illegible]ување
попис	попис
потврђивање	потврдување
потврда	потврда
правноснажан, — жна, — жно	правносилен, -на, -но
преиначење	преиначување
примедба	забелешка
продаја	продажба
проневера	проневера
Р	
решење	решение
рођаци	роднини
рок	срок
расправа	расправа
разлог	разлог
распис	распис
С.	
ствар	ствар
савестан, -на, -но	совестен, -на, -но
саслушање	преслушување
сведок	сведок
својина	сопственост
сусвојна (сусопственост)	сосопственост
сусопственик	заседание
седница	старател
старалац	старателство
старатељство	суочение
суочење	службеност
службеност	согласие
сумња	сомнение
сумњив, -ва, -во	сомнителен, -на, -но
спор	спор
самовлашће	самовластие
самовоља	самоволство
самосталан, -на, -но	самостоен, -јна, -но
саучесник	соучесник
силовање	насилување
сродство	родство

СРПСКИ	МАКЕДОНСКИ
тровање	отровуење
трошкови	расходи
тумач	толкувач
тумачење	толкуење
тужба	тужба
тужилац	тужител
туженик	тужен
туча	тепачка
телесна повреда	телесна повреда
тестаменат	тестамент
ублажавање	ублажуење
убаштињење	убаштинение
увиђај	увид
упутство	напаствив
увреда	навреда
увређен, -на, -но	навреден, -на, -но
умишљај	умисла
услов	услов
утаја	утаја
уговор	договор
учесник	учасник
учешће	участие
узрок	причина
хранилац	хранител
чињеница	факт
чињенично стање	фактично состојание
штета	штета

Од Министерството на правосудието

ОГЛАСЕН ДЕЛ

Разни огласи

ОГЛАС

Со Уредбата основање на Изванредна комисија за ауто-саобраќај при Претседателство на владата ФНРЈ (Службени лист ФНРЈ број 33 од 23. април 1946 год.), одредена е ликвидација е на Државното аутомбилско саобраќајно претпријатие — ДАСП.

Се повикуат повериоците и длжниците да своите барања и обавези кои имат спрам ДАСП — ги пријават на Одборот за ликвидација на ДАСП — Белград, Немањина ул. бр. 6/III. (зграда на Министерството на саобраќајот) најкасно до крајот на месец јули 1946.

Одбор за ликвидацију ДАСП-а

Мали огласи

Војна книшка број 349.098 на име Гајтоски Корук II чета 1 батаљон и изгубена и се прогласуе за невалидна. 299

Војна книшка бр 349346 на име Благој Сотиров Тодороски е изгубена и се огласуе за невалидна. 300

Војна книшка бр. 241836 издадена од Оперативниот штаб за Кос.Мет. пропусница за штабот на армијата бр. 234 издадена од штабот на армијата. Организационото одделење и Уверение за демобилизација бр. 3002 издадено од Персоналното одделение на штабот на V армија, на име Бранислава Попович, се изгубени и се прогласуат за невалидни. 289

Војната книшка бр. 866683 на Тодорович Хранислав е изгубена. Се огласуе за невалидна 290

Легитимација за снабдуење бр. 15916 и 15934 на име Мајко и Љупка Мартиновски од Скопје се изгубени и се прогласуат за невалидни. 271

Легитимација за снабдуење и купон „Р-2" на Љубомир Исакиев са изгубени и се огласуат за невалидни. 276

Купон „Р1" на Назми Гушид Сали од Сокпје е изгубен и се прогласуе за невалиден. 277

Легитимација за снабдуење и книшка „К" на Мика Новевска, се изгубени и се прогласуат за невалидни. 273

Легитимација за снабдуење бр. 29669 на Џемиле Селим од Скопје е изгубена и се прогласуе за невалидна. 274

Книшка „К" бр. 21516 на Јоксимович Васа од Скопје е изгубена и се прогласуе за невалидна. 275

Изгубената книшка „К" на Теодосиј Ставрев од Скопје, се прогласуе за невалидна. 278

— Изгубеното матурско сведочанство, издадено од Крушевачката гимназија во 1943 година, го огласуам за неважно. **Бранко Д. Аксич**, од Куманово. 279

СОДРЖАЈ

198. — Закон за изменуење и дополнуење на законот за располагање со квартири 185
199 — Закон за создавање на задолжителни кусеви на сите службеници 185
200 — Закон за укинуење решението на президиумот на АСНОМ бр. 83 од 4XII 1944 г. 186
201 — Решение на НРМ за опозиване на Трајко Мишковски од должност редовен судија при Вр. суд 186
202 — Решение на Нар. Собрание за назначуење на В. Смилевски за член на контролниот одбор при Македонска стопанска банка 186
203 Решение на НСНРМ за назначуење на судија при Военио суд на КНОЈ 186
204 Уредба за основање на државно книгоиздателство на Македонија 186
205 Решение на минист. на внатр. работи за називот на казнениот завод 187
206 Правилник за курс за редовни учители 187
207 Уредба за основање на земско претпријатие за откуп и промет со афион и др. индустриски билки
208 — Правилник за ангажиране и арчение на облагациониот зајам од 80.000 000 187
209 — Правилник за организација на курсот за времни учители 189
210 Решение за отварање двомесечен курс по пеение 190
211 — Решенија на Уредот за цени
212 Терминилогија по македонски јазик
213 Решенија на Уредот за цени за опредление цена на бурекот
214 Решение на Уредот за цени за орение и жнение во НРМ
215 Решение на уредот за цени за откуп на казми и лопати 214

Го издава и редактира: Одделението за печат при Претседателството на Народната влада на Народна Република Македонија — Палата НАРСМАК — соба бр. 12 — II етаж — Скопје
Печати: Државна печатница „Гоце Делчев" Скопје